
ROME
ITALY

**ДЕЛ ОД МОНОГРАФИЈАТА „ВО ЧЕСТ НА СВЕТИТЕ КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ОД Д-Р ВЕРА СТОЈЧЕВСКА – АНТИЌ И СЛАВЕ НИКОЛОВСКИ – КАТИН**

*Од 1970 година доаѓањето во вечниот град Рим не беше само оддавање почит на делото на свети Кирил Солунски и неговиот брат Методиј, туку и презентирање на достоинствата на Македонската православна црква и културата на македонскиот народ, која се базира токму на азбуката и писменоста што овие просветители ги втемелија во словенството, вградувајќи го јазикот на македонските Словени во писменоста на Словените, Од 1971 година манифестацијата беше именувана како „Денови на. Македонската култура во Рим”.*

*Манифестацијата „Македонските денови на културата во Рим” во 1971 година почна на денот на свети Кирил и Методиј, со оддавање почит на кирило-методиевското дело на гробот на свети Кирил Солунски. Свеченоста се одржа во базиликата „Свети Климент Римски”, во нејзината длабочина, таму каде што се наоѓа првобитната црква, којашто уштево 386 година е спомнувана во записи како една од најзначајните и најубавите, а свети Кирил Солунски, претчувству-вајќи го својот близок крај, во 869 година изразил желба тука да го најде својот мир. Посмртните останки на свети Кирил Солунски се наоѓаат во новоподигна-тата базилика која се темели на старата во капелата на Јосип Јурај Штросмајер.*

*По повод празникот на светите сесловенски рамноапостоли солунските браќа свети Кирил и Методиј, од 23 до 29 мај 1971 година во Рим престојуваше делегација на Македонската православна црква и на општествено-културните работници на СР Македонија, и тоа: црковната делегација ја предводеше злетовско-струмичкиот митрополит г. Наум, во придружба на протоереј-ставрофор Стојче Петров и протоѓаконот Стојан Јанковски, додека членови на културнопросветната делегација на Македонија ја предводеше Феми Муча, помошник: републички секретар за внатрешни работи. Заедно со делегацијата во Рим допатуваа Хорот на Радио-телевизија Скопје со своите солисти Елисавета Христова и Благој Николовски, како и диригентот Драган Шуплевски.*

*На празникот, на 24 мај, на гробот на свети Кирил Солунски во базиликата „Свети Климент Римски”, на свечен начин, црковната делегација, на чело со Неговото Високопреосвештенство митрополитот г. Наум, во присуство на амбасадорот на СФРЈ при Ватикан, г. Вјекослав Цврље и другите членови на амбасадата, положи венец и беше отслужен молебен. Кон величественоста на овој чин на оддавање почит на делото на свети Кирил Солунски и неговиот брат Методиј, кои ја создадоа првата словенска азбука и ги напишаа првите книги на словенски јазик, на јазикот на*

*македонскитеСловени, на кои се градени културите на словенските народи, придонесе и Хорот на Радио-телевизија Скопје со исполнувањето на духовната музика насловенски и македонски композитори.*

*На свечен апригода, злетовско-струмичкиот митрополит г. Наум н агробот на свети Кирил Солунски одржа слово, при што, меѓу другото, рече:*

*...И годинаѕа светиот град ја почествува делегацијата на Македонската православна црква. Ние тоа високо го почитуваме и длабоко го цениме, и затоа сме и ополномоштени во името на македонскиот народ, на вечниот град, во лицето на неговите црковни и граѓаиски претставници да му ја пренесеме молитвената благодарност и топлите желби за секое негово евангелско преуспевање.*

*Длабоко и до восхит молитвено благодарни кон Твоето осведочено ходатајство пред воскреснатиот наш Бог и Спасител Исус Христос, Кириле оче наш свети, еве и годинава светата автокефална Македонска православна црква во обновената Светиклиментова Охридска архиепископија, во лицето на своите бескомпромисии последователи и почитатели како силни акценти на духовно-патриотскиот елан на македонското поднебје, себлаговејно застанале пред светиот и целебен Твој трон, манифестирајќи ритуално-патриотски доказ на својата признателност кон Тебе и кон Твојот брат Методиј...*

*Манифестацијата „Македонските денови на културата во Рим’ продолжија истата вечер, во ораториумот Гонфалоне, со концертот на Скопскиот хор, под диригенство на Драган Шуплевски и солистите Благоја Николовски и Елисавета Христова, што го даде за абонентите на Коро полифонико Романо, во чијашто соработка беше организирано ова гостување. Исто така, во Гонфалоне, црквичка во стариот дел на градот, подигната и зографисана во почетокот на XV век, беше даден концерт за поканетите личности од амбасадорот на СФРЈ при Република Италија, Срѓо Прица, на кој меѓу другите, присуствуваше и амбасадорот на СФРЈ при Ватикан, Вјекослав Цврље.*



[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**